*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Уп1Бр. 18/24-194*
*27.09.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20), член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), и донесената Годишна програма за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2024 Штип со Одлука бр. 08-687/1 од 26.01.2024 година ("Сл.гласник на Општина Штип" бр.2), Градоначалникот на Општина Штип го доставува следниот:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета

**по изготвен**

ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири

Граници на планскиот опфатот за изработка на предметниот ДУП е ограничен со следниве улици:

- Од јужна страна со осовина на река Отиња
- - Од југоисточна страна со осовина на ул. „Христијан Тодоровски Карпош"
- - Од североисточна страна со осовина на ул.„Славчо Стоименски"
- - Од северна страна со осовина на ул. „Иво Рибар Лола"
- - Од западна страна со осовина на ул. „Стојан Рибата" и ул.„ Вера Циривири Трена"

Површината која ја опфаќа опишаната граница на прелиминарниот плански опфат изнесува 28 370,39 m2.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавна анкета и јавна презентација по изготвен ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

ОПШТИНА ШТИП

MQS
СЕРТИФИКАТ
ISO 9001:2008




Јавниот повик за спроведување на Јавна анкета и јавна презентација започнува на 29 ноември 2024 год (петок) и истиот ќе трае до 13 декември 2024год (петок).

Јавната анкета и јавната презентација за ДЕТАЛЕН УРБНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД УРБАНА ЧЕТВРТ ЦЕ 01.05 ОД ГУП НА ГРАД ШТИП со плански опфат: осовина на р. Отиња, ул. Христијан Тодоровски Карпош, ул. Славчо Стојменски, ул. Иво Лола Рибар, ул. Стојан Рибата и ул. Вера Циривири ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е-урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 16 декември 2024 (понеделник) до 15 јануари 2025 год (среда), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 9 јануари (четврток) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

*Изработил:*
*Борислава Мишева, диа*
*Контролирал:*
*Лазар Хаџи Николов*
*Секретар на Општина Штип*
*Вишна Шорова-Ангелова*

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

***Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија***
***Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01***
***Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk***